# ШКОЛА НА МЛАДИ МАРКСИСТИ

## За работата на Дваесеттата сесија на Школата на млади марксисти „Стив Наумов — Мите Богоевски"

Дваесеттата сесија на школата на млади марксисти „Стив Наумов — Мите Богоевски" се одржа во Отешево на 10 и 11 мај 1985 година. Сесијата расправаше по темата „Социјалистичката самоуправна преобразба на културата". Воведен реферат поднесе д-р Кирил Темков, професор на Филозофско-историскиот факултет во Скопје. На сесијата зедоа учество 160 студенти, асистенти, наставници од универзитетите во СР Македонија, ученици и работници од непосредното производство. Работата се одвиваше во три секции, поделени по области: „Ставовите на клисиците на марксизмот за културата", „Самоуправната трансформација на културата" и „Младите и културното творештво".

Во своето воведно излагање д-р Кирил Темков истакна дека самоуправната социјалистичка преобразба на културата е еден мошне сложен систем на општествените односи во целост, кој се рефлектира врз процесите на културата, големите теми на оваа самоуправна социјалистичка трансформација со воспоставување на односи на слободната размена на трудот, културата на трудот, ослободувањето на сестраната човечка енергија, демократизација на творештвото и културата и отворање нови простори на слободата како нова концепција на слободата на творештвото.

Ако самоуправувањето се сфати како слобода, тогаш културата неминовно би требала да претставува израз на таа слобода, и тоа не израз кој е во трансцедентна врска со самоуправувањето, туку тоа им е иманентен. Самоуправниот социјализам како квалитативно нов поредок, кој во себе ја има пролетерската култура, не смее да се затвори сам во себе, не почитувајќи ги претходните или дострелите во културата кои се постигнати во несоцијалистичките, несамоуправни општества. Пролетерската култура мора да кореспондира со културата која доаѓа од другите средини, не игнорирајќи некои позитивни тенденции во нив, не само во културата, туку и во процесите кои ја формираат културата во едно општество: образовниот процес, односите во семејството, „улицата" како специфична воспитна установа, дострелите во уметноста која е сегмент на културниот живот во една средина и др.

Во рамките на сесијата се одржа панел дискусија на тема: „Младата генерација како фактор во творештвото", на која воведни излагања поднесоа Томе Момировски и Димитрие Бужаровски. Исто така, во рамките на сесијата се претставија и студентите на факултетот за ликовна уметност, а беше претставен и младиот уметник Александар Николовски.

Што се однесува до историјата на школата, треба да се истакне дека првата сесија е одржана од 5 до 7 ноември 1973 година во Отешево. Во нејзиното создавање зедоа учество повеќе организации и институции од СРМ

и градовите Ресен и Битола. Непосредни организатори на првата сесија беа редакцијата на списанието „Дијалог", со помош на НИО „Студентски збор", група студенти и млади асистенти на Филозофскиот и Правниот факултет, група млади асистенти од Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, активисти на Сојузот на студентите на Македонија и активисти на Друштвото за филозофија, социологија и политикологија на СРМ.

Од почетокот на Школата до денес се одржани 20 сесии и 17 панел дискусии, од кои 6 во рамките на одржувањето на сесиите, а 11 како посебни панел дискусии. Досега, во работата на Школата со свои соопштенија зеле учество 1881 учесник, а вкупно учествувале 2469 (наставници од средни училишта и млади научни работници, асистенти и професори од факултетите како ментори, учесници на панел дискусии кои се стручни за одделни области и општествено-политички работници кои се занимаваат со одредени области).

Посебно е значајно што во работата на оваа школа се изградува и научниот подмладок на Универзитетот „Кирил и Методиј" во Скопје и сега на новиот универзитет во Битола. Ако се погледнат податоците, ќе се види дека скоро да нема млад научен работник од општествените науки кој не учествувал со соопштение или на панел дискусиите во работата на Школата, и тоа додека бил студент, а и подоцна како наставник и научник.

Исто така, голем број професори по марксизам и самоуправување во средните училишта биле учесници на Школата како студенти, а тој ентузијазам за Школата го имаат пренесено и на своите ученици.

ННСГ за историја при Филозофскиот факултет во Скопје, подолго време е застапена со свои учесници на сесиите на Школата. Нејзиното поактивно ангажирање датира од 1979 година. На последната сесија со свои соопштенија учествуваа м-р Кочо Сидовски, на тема: „Прилог кон прашањето за развојот на културата во текот на Народноослободителната војна и револуцијата во Југославија"; м-р Маргарита Пешевска; студентката Веселинка Крстевска: „Улогата на ССМ во користењето на слободното време на младите". Од интердисциплинарните студии по новинарство со свое соопштение учествуваше и студентката Орхидеја Владимирова.

На тој начин ННСГ за историја заедно со другите студиски групи на Филозофскиот факултет дава значаен придонес во одвивањето на работата на Школата на млади марксисти „Стив Наумов — Мите Богоевски".

Кочо СИДОВСКИ